# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во третиот квартал од 2025 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за третиот квартал биле реализирани приходи во износ од 850.026.875,00 денари, од планираните 1.458.379.112,00 денари од вкупниот **основен Буџет** на Општина Битола, или 58,29%, додека реализираните расходи се во износ од 850.026.875,00 денари, од планираните 1.458.379.112,00 денари од вкупниот **основен Буџет** на Општина Битола или 58,29%.

***Динамика на движење на приходите во третиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, за третиот квартал, од планираните 79.750.000,00 денари од вкупниот основен Буџет, остварени се приходи во износ од 64.568.355,00 денари или 80,96%.

Ставка 713- Данок на имот за третиот квартал, од планираните во вкупниот основен буџет 167.100.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 176.566.107,00 денари или над 100%.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во третиот квартал, од планираните 323.850.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 193.318.464,00 денари или 59,69%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 23.290.000,00 денари, остварени се 418.157,00 денари или 1,80%

Ставка 722- Глоби, судски и административни такси во третиот квартал, од планираните 3.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 2.677.139,00 денари или 89,24%.

Ставка 723- Такси и надоместоци во третиот квартал, од планираните 15.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 9.724.182,00 денари или 64,83%.

Ставка 725- Други неданочни приходи во третиот квартал, од планираните 25.062.796,00 денари, остварени се приходи во износ од 6.196.909,00 денари или 24,73%.

Ставка 731-Продажба на капитални средства во третиот квартал од планираните 30.000.000,00 денари, се реализирани со износ од 12.272.900,00 денари или 40,91%.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 71.505.000,00 денари, остварени се 61.538.529,00 денари или 86,06%.

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт во третиот квартал, од планираните 719.821.316,00 денари, остварени се приходи во износ од 322.746.133,00 денари или 44,84%.

***Динамика на движење на расходите во третиот квартал***:
***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 70.545.241,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 118.921.741,00 денари.

Ставка 402- Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 26.352.308,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 46.578.426,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во третиот квартал реализирани се трошоци од 13.529.202,00 денари, од планираните 19.984.500,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва во третиот квартал не се реализирани трошоци, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви во третиот квартал, не се реализирани трошоци, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 1.051.316,00 денари, од планираните 3.370.000,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 78.441.220,00 денари, од планираните 108.337.300,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 8.047.353,00 денари, од планираните 13.930.500,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 92.226.654,00 денари, од планираните 111.963.062,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во третиот квартал во износ од 30.580.680,00 денари, од планираните 55.159.433,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 18.741.555,00 денари, од планираните 30.099.265,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 15.030.652,00 денари, од планираните 21.397.048,00 денари.

Ставка 452- Каматни плаќања кон домашни кредитори во третиот квартал се реализирани трошоци во износ од 1.661.872,00 денари, а планирани се средства во износ од 2.700.000,00 денари.

Ставка 461- Субвенции за јавни претпријатија, се реализирани трошоци за третиот квартал со износ од 8.136.706,00 денари, од планираните 8.452.123,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 69.432.254,00 денари, од планираните 70.689.667,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 42.528.799,00 денари, од планираните 62.512.879,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 1.900.000,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 1.455.972,00 денари.

Ставка 471- Социјални надоместоци реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 4.991.180,00 денари, од планираните 5.000.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 6.802.582,00 денари, од планираните 12.270.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 342.526.620,00 денари, од планираните 718.143.168,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните 1.100.000,00 денари, реализирани се расходи за третиот квартал се 12.600,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 3.650.397,00 денари, од планираните 29.670.000,00 денари.

Ставка 491- Отплата на главница до нерезидентни кредитори реализирани расходи за третиот квартал се во износ од 14.281.712,00 денари од планираните 14.500.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 58,29%. Програмата А0- Совет на општината е извршен 70,09%, програмата А1-Изборни активности и референдуми со 2%, програма В2-Старски дом со 76,40%, ВАА-Изградба на детска градинка во АРМ е извршена со 83,03%, програмата Г1- Поддршка на локалниот економски развој е извршена со 59,70%, програмата Г2 -Поттикнување на развојот на туризмот е извршена со 85,25%, програмата ГД- Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 97,56%, програмата ГДЛ2-Санација на систем за греење во спортска сала Боро Чурлевски со 98,61%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 64,81%, програмата Д1- Месна самоуправа со 70,74%, програмата Е0- Општинска администрација исполнета со 64,17%, програмата ЕА- Капитални трошоци на општината е реализирана со 3,48%, програмата Ј3- Јавно осветлување е извршена со 79,01%, програма Ј4- Јавна чистота со 100%, Ј5- Јавен локален превоз на патници со 87,14%, програмата Ј6-Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режимот на сообраќајот со 63,50%, програма Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%, програмата Ј8-Други комунални услуги со 93,07%, програма ЈАМ-Реконструкција на улично осветлување на Никола Тесла со 100%, програма ЈАР-Реконструкција на улично осветление на улица 11ти Март и Панде Николов со 19,23%, ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување со 3,58%, ЈГГ2 -Реконструкција на водоводна мрежа на ул 8-ми Септември со над 100%, ЈГЅ-Изградба на водоводна мрежа на улица СТУ 3 во АРМ Четврт 1 со 100%, ЈГИ-Реконструкција на водоводна мрежа на ул Никола Тесла со 55,42%, ЈГЛ-Изградба на водоводна мрежа с.Поешево-Логоварди со 88,26%, ЈГН2-Реконструкција на водоводна мрежа на ул Стив Наумов со 27,55%, програма ЈГЊ-Реконструкција на водоводна мрежа на ул.Бурса со 88,93%, програмата ЈГХ-Реконструкција на водоводна мрежа на улица Нико Фундали со 95,47%, ЈД- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 32,44%, ЈДБ2- Реконструкција на коловоз на улиците 150та, 170та и 210 со 20,11%, ЈДГ2– Реконструкција на коловоз на локален пат село Цапари (до фабриката) со 100%, ЈДЗ1- Изградба на паркинг простор Декорпод со 96,65%, ЈДЗ11 – Реконструкција на коловоз на улиците 11ти Март, Козара, Панде Николов и Чеде Филиповски со 19,99%, ЈДЗ12 – Реконструкција на коловоз на локален пат за село Буково со 38,70%, ЈДЗ13 – Реконструкција на коловоз на краци на улица Буковски Мост со 36,14%, ЈДЗ15-Реконструкција на коловоз на ул.Булевар 1-ви Мај јужна страна со 35,55%, ЈДЗ17 -Реконструкција на

коловоз на ул 8-ми Септември (влез од страна на Скопје) со 100%, ЈД318 – Реконструкција на коловоз на улица Панде Кајзеро со 19,72%, ЈД322 – Реконструкција на коловоз на улица Нико Фундали со 40,31%, ЈД324- Реконструкција на коловоз на локален пат за село Магарево со 22,61%, ЈД325- Реконструкција на банкини со коцка на локален пат за село Брусник со 56,55%, ЈД36 – Изградба на коловоз на дел од улица СРУ 5 со 58,61%, ЈД37 – Изградба на инфраструктура на улица СТУ 3 во АРМ четврт 1 со 17,97%, ЈД38 – Изградба на коловоз на патот до црквата во село Крклино со 100%, ЈДЅ11- Изградба на коловоз на улица кај Дулие (ЛИДЛ) со 100%, ЈДИ2 - Реконструкција на коловоз на ул Никола Тесла со 100%, ЈДЛ2 – Реконструкција на улица Солунска со 63,68%, ЈДС2- Реконструкција на коловоз на ул.Стив Наумов со 87,16%, ЈИ-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води е извршена со 40,41%, ЈИИ-Изградба на фекална канализација на улица СТУ 3 во АРМ четврт 1 со 100%, ЈИК2-Изградба на атмосферска канализација на улица СТУ 3 во АРМ четврт 1 со 36,07%, ЈИЛ2-Реконструкција на канализациона мрежа на ул. Панде Кајзеро со 25%, ЈИН2- Реконструкција на канализациона мрежа на ул Стив Наумов со 93,34%, ЈИО Реконструкција на канализациона мрежа на ул Нико Фундали со 85,00%, ЈИП2 Реконструкција на канализациона мрежа на ул Никола Тесла со 71,65%, ЈИФ-Реконструкција на мешовита канализација на краци во Горно Оризари со 36,16%, ЈИХ Реконструкција на канализациона мрежа на ул 8-ми Септември (влез од страна на Скопје) со 24,20%, ЈИЦ -Реконструкција на канализациона мрежа на улиците 150-та, 170-та и 210-та со 70,81%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 32,80%, ЈЛВ -Изградба на велосипедска патека (Памп трака) со 100%, ЈЛЕ-Изработка на постамент за споменикот на Александар Турунџев со 100%, ЈФ-Изградба на сообраќајна сигнализација со 78,03%, ЈФГ- Средства за смирување на сообраќајот со 92,62%, К3- Музејска и кинотечна дејност со 63,89%, К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 74,07%, КА- Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) со 50,77%, ЛО-Спорт и рекреација со 98,75%, ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) со 47,55%, ЛАА- Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе кафе со 99,98%, ЛАЕ-Реконструкција на спортски игралишта во ОУ Елпида Караманди со 99,12%, ЛАЂ  - Изградба на велосипедски патеки со 53,50%, ЛАП-Санација на јужна трибина околу фудбалскиот стадион со 98,37 ЛАР-Изградба на сала за боксерски клуб со 20%, ЛАЦ – Реконструкција на кров на спортска сала во село Бистрица со 29,75%, Н1- Основно образование со 66,80%, НА-Капитални расходи за основно образование со 98,73%, НАА – Реконструкција на фасада – изведба на нова енергетска и ефикасна фасада на ОУ Стив Наумов со 16,40% Њ0- Противпожарна заштита со 51,68%, ЊАА-Изградба на објект

на противпожарната единица на АРМ со 100%, Р1 – Заштита на животна средина и природа со 40,33%, Ф1-Урбанистичко планирање со 42,10% и Џ1 – Родова еднаквост со 28,75%.

***Корисници на средства од сметка наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за **наменска и блок дотација** се реализирани во износ од 927.930.189,00 денари, од планираните 1.297.622.681,00 денари, или 71,51%.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за **наменската и блок дотација** за третиот квартал реализирани се во износ од 911.185.238,00 денари од планираните 1.297.622.681,00 денари или 70,22% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 601.349.445,00 денари, од планираните 788.479.560,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 235.732.485,00 денари, од планираните 308.306.790,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во третиот квартал е со планирани средства од 19.889.880,00 денари, но не се реализирани средства во вториот квартал.

Ставка 420-Патни и дневни расходи во третиот квартал се планирани 100.000,00 денари, но не се реализирани средства.

Ставка 421- Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 25.181.445,00 денари, од планираните 46.133.309,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се трошоци во износ од 1.180.458,00 денари, од планираните 3.024.000,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување реализирани се трошоци во износ од 1.279.994,00 денари, од планираните 34.617.232,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 29.371.883,00 денари, од планираните 43.342.000,00 денари.

Ставка 426- Други оперативни расходи од планираните 2.156.209,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 987.019,00 денари.

Ставка 432-Трансфери до Агенцијата за вработување планирани се 100.000,000 денари, но во овој квартал не се реализирани средства.

Ставка 464- Разни трансфери е планирана со износ од 11.133.418,00 денари, реализирана е со износ од 4.025.683,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини е планирана со износ од 9.830.000,00 денари, реализирана во третиот квартал со 849.161,00 денари.

Ставка 482- Други градежни објекти била планирана со износ од 27.890.283,00 денари, а реализирана во третиот квартал со 10.092.095,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел била планирана со износ од 2.620.000,00 денари, а реализирана во третиот квартал со 1.135.570,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 54,71%, В2- Дом за стари лица 70,89%, К3- Музејска и кинотечна дејност е 68,20%, Н1- Основно образование со 75,45%, Н2-Средно образование со 69,14% и програмата Ѓ0- Противпожарна заштита со 72,22%.

***Корисници на средства од сметка Самофинансирачки активности:***

Вкупно реализирани приходи за сметката **Самофинансирачки активности** за третиот квартал се во износ од 43.600.313,00 денари, од планираните 150.852.500,00 денари, или 28,90%.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во третиот квартал се реализирани 43.600.313,00 денари, од планираните 150.852.500,00 денари или 28,90% и тоа:

Ставка 404-Надоместоци во третиот квартал е планирана со 65.000,00 денари, но во овој квартал нема реализиран износ.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 2.004.000,00 денари, реализирани се во третиот квартал 373.636,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење и транспорт планирани се трошоци од 19.538.500,00 денари, реализирани се 5.328.165,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 49.109.200,00 денари, реализирани се 19.063.061,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 21.157.500,00 денари, реализирани се 3.273.477,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 16.140.800,00 денари, реализирани се во износ од 6.713.399,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.417.500,00 денари, реализирани се 3.474.996,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се трошоци во износ од 10.001.000,00 денари, реализирани се 4.060.663,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини од планираните трошоци во износ од 10.976.000,00 денари, реализирани се 921.165,00 денари.

Ставка 482- Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 6.816.000,00 денари, а реализацијата за третиот квартал е 206.621,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните трошоци во износ од 7.770.000,00 денари, реализирани се во третиот квартал 143.100,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните трошоци во износ од 557.000,00 денари, реализирани се 42.030,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила планирана е со износ од 300.000,00 денари, но нема реализација за третиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 30,96%, В2- Дом за стари лица со 41,80%, ВА- Капитални расходи за детските градинки со 4,75%, ВБ- Капитални расходи за старски дом со 7,50%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 69,49%, Н1- Основно образование со 14,26%, Н2- Средно образование со 23,81%, НА- Капитални расходи за основно образование со 10,34% и НБ- Капитални расходи за средно образование со 3,05%.

***Корисници на средства од сметка Донации:***

Вкупните тековно оперативни приходи од сметката **Донации** од планираните 58.774.007,00 денари, приходовани во третиот квартал се средства од 13.469.584,00 денари или 22,92%, додека за планираните расходи од 58.774.007,00 денари е реализиран износ од 13.469.584,00 денари или 22,92%. Со средства од Донации се реализираат следните проекти: донации од локалните јавни установи ЈОУДГ Естреја О. Мара, ОУ Даме Груев, СОЕУ Јане Сандански и други локални јавни установи и проектите на Општина Битола како Бенефит, Креирање на можности за работа за сите, Образование за возрасни и деца Роми, Смарт за тебе 2 и др.

Изработил

К.Ѓ Одделение за буџетска координација

___________________________________